1. ***Цел на задачата***

- Изработка на информација за проценка на експозицијата и специфичниот доза-одговор ефект кај 1300 лица професионално експониранио на јонизирачко зрачење.
- Проценка на здравствениот ризик кај професионално експонираните работници врз основа на анализа на податоците од амбиенталниот, личниот (персонален) мониторинг за изложеноста и податоците за здравствената состојба на изложените лица.
- Воспоставување на методологија на проценка на здравствениот ризик кај работниците што се професионално експонирани на јонизирачко зрачење.
- Стандардизација и унифицирање на протокот и прибирање на податоци кои се неопходни за проценка на ризикот на професионално експонираните работници.
- Превенција на професионалните болести и оштетувања на здравјето на експонираните работници и унапредување на професионалното здравје.

2. ***Техничко упатство за изведбата***

Содржината и динамиката на мерењата и прегледите неопходни за утврдување на професионалниот ризик кај работниците изложени на јонизирачко зрачење се утврдени со:

- **Правилник за начинот на мерење на изложеноста на професионално изложени лица, водење на евиденција и поднесување на извештаи (Сл. Весник на РМ бр. 29/10) и тоа за:**
  - *Мониторинг на работната средина*
    - Мерењето на степенот на изложеност на јонизирачко зрачење во работните простории и животната средина се вржи според Методологијата за проценка на степенот на јонизирачко зрачење, даден во Прилог бр. 1 од горе цитираниот Правилник
    - Мерењата ги врши овластен стручен технички сервис
    - Извештајот за извршениот мониторинг на работната средина треба да ги содржи елементите од чл. 27 од горе цитираниот Правилник
    - Извештаите од сите извршени мерења на степенот на јонизирачко зрачење во работните простории се доставуваат до Одделението за медицина на труд и проценка на ризици на работно место при Институтот за јавно здравје на Република Македонија и тоа најдоцна до 15.01. во наредната година за мерењата извршени во претходната година
  - *Индивидуален мониторинг*
    - Индивидуалниот мониторинг се врши со цел за утврдување на степенот на внатрешна и надворешна исложеност на професионално експонираните лица,

- Степенот на надворешна изложеност се мери со помош на личен дозиметар кој се отчитува еднаш месечно за работници од категорија А и еднаш на секои три емсеци за лица од категорија Б.
- Деталите за мерење на степенот на надворешна изложеност, како и мерењето на внатрешната изложеност се дефинирани со членовите од 8-25 од Правилникот.
- Мерењето го врши овластен стручен технички сервис
- Содржината на извештајот за извршениот индивидуален мониторинг за секој дозиметриски период ги содржи податоците предвидени со чл. 28 и 29 од Правилникот.
- Овластениот стручен сервис резултатите од извршените мерења за секој дозиметриски период ги доставува до Одделението за медицина на труд и проценка на ризици на работно место при Институтот за јавно здравје на Република Македонија и тоа најдоцна до 15.01. во наредната година за мерењата извршени во претходната година

➢ **Правилник за здравствени услови за работа со извори на јонизирачко зрачење, како и за мерките, содржината и начинот на вршење на здравствени прегледи на лица кои работат со извори на јонизирачко зрачење (Сл. Весник на РМ бр. 28/2010)**

- Прегледите кои се вршат кај професионално експонираните лица, зависно од нивната цел, може да бидат:
  - Претходни прегледи,
  - Периодични прегледи и
  - Вонредни т.е. насочени прегледи.
- Мерките, содржината и начинот на вршење на здравствени прегледи на работно изложени лица се утврдени со членовите 7-12 од споменатиот Правилник.
- Извештајот за извршен здравствен преглед го содржи елементите предвидени со чл. 19 од споменатиот Правилник.
- Овластените здравствени устаови по медицина на труд ги доставуваат извештаите за извршениот преглед до Одделението за медицина на труд и проценка на ризици на работно место при Институтот за јавно здравје на Република Македонија и тоа најдоцна до 15.01. во наредната година за мерењата извршени во претходната година

### 3. *Активности за изведба (теренски, лабораториски, аналитичко-статистички)*

- Активностите ги спроведуваат:
  - овластени технички сервиси за индивидуалниот и мониторингот на работната средина според методологијата на нивната работа

- овластени установи за медицина на труд според нивна методологија и утврдени критериуми за медицински контраиндикации и знаци на професионална болест утврдени со соодветни правилници
- Институтот за медицина на труд – Одделение за медицина на труд и проценка на ризици на работно место врши периодична стручна контрола над нивната работа

**4. *Показатели за следење на напредокот во спроведувањето на програмската задача***

- Број на извршени мерења во работната средина (мониторинг на работната средина)
- Број на дозиметриски мерења на степенот на надворешната изложеност на професионално експонираните лица по дозиметриски периоди
- Број на извршени здравствени прегледипрегледи на професионално експонираните лица
- Број на доставени ивештаи до Одделението за медицина на труд и проценка на ризици на работно место при Институтот за јавно здравје на Република Македонија

**5. *Показатели на исходот***

- Утврдување на степенот на ризик на работните места кај различни правни субјекти во зависност од резултатите добиени при утврдувањето ан степенот на надворешната изложеност за секој дозиметриски период и резултатите од извршените здравствени прегледи на
- Утврдени професионални болести и/или професионални оштетувања
- Утврдени медицински контраиндикации за понатамошно обавување на работата
- Утврден степен на работна (не)способност за работа
- Предложени корективни мерки за минимизирање и/или елиминирање на ризикот

**6. *Форма на извештајот***

- Извештајот го изработува Одделението за медицина на труд и проценка на ризици на работно место при Институтот за јавно здравје на Република Македонија и тоа до крајот на третотот тромесечие во тековната година за состојбите и испитувањата извршени во претходната календарска година.
- Извештајот ги содржи податоците за правните субјекти и резултатите од извршените мерења во работната средина, мерењата на степенот на надворешната изложеност и резултатите од извршените здравствени прегледи

кои се прикажани групно, според основните демографски карактеристики:

- Правен субјект каде се вршени мерањата и испитувањата
- Пол, возраст и квалификација на професионално експонираните работници
- Работно место на кое се распоредени испитуваните работници
- Должина на професионална експозиција

- Податоците за проценкиот ризик на работно место се прикажани збирно, за групирани правни субјекти и според основните демографски карактеристики.

*ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија*

*Одделение за медицина на труд и проценка на ризик на работно место*

*Изработил: Проф. Д-р Елисавета Стикова*